АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

П Р О Г Р А М А

ЗА ВАУЧЕРСКО СОВЕТУВАЊЕ НА МАЛОТО СТОПАНСТВО

ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(Р Е З И М Е)

Скопје, септември 2005 год.

1. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА 3

2. ОПШТО ЗА ВАУЧЕРСКОТО СОВЕТУВАЊЕ..... 3

3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА 4

4. ЦЕЛНИ ГРУПИ..... 5

4.1. Постојни (активни) претпријатија..... 5

4.2. Невработени лица..... 5

5. ПРОЦЕС НА СОВЕТУВАЊЕТО 6

5.1. Времетраење на советувањето..... 7

5.2. Дозволен износ за покривање на трошоците од страна на советнците кои се наоѓаат на регистрираната листа..... 8

5.3. Стапки за субвенционирање..... 8

5.4. Постапка на плаќања..... 8

6. УЧЕСНИЦИ ВО ПРОГРАМАТА 9

6.1. Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија..... 10

6.2. Изведувачи на програмата - Организации за деловна поддршка (ОДП)..... 10

6.3. Советници..... 11

7. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА 12

8. ПРОГРАМСКО РАЗВОЕН СОВЕТ (ПРС)..... 12

9. ВРЕМЕНСКАТА РАМКА ЗА ЦЕРР

Ваучерскиот систем на советување се воведува како:

- инструмент за подобрување на работењето во малото стопанство преку субвенционирање на конкретни консултантски услуги согласно потребите на претприемачите,
- конкретна мерка, која заедно со други мерки/програми на активната политика за вработување во Република Македонија, ќе го олесни и стимулира процесот на самовработувањето кај невработените лица,

Ваучерскиот систем ќе се импелементира од страна на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, а под надзор на Министерството за економија. Изведувачи на програмата за ваучерско советување ќе бидат овластени од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ - правни лица кои ќе ангажираат вработено лице односно, советник-организатор со соодветна верификација на знаењата од општо претприемачко советување во програмата и познавање на важечкото упатство за спроведување на програмата. Изведувачи на програмата се организации за деловна поддршка (ОДП) на локално и регионално ниво. Мрежата на изведувачи на програмата ќе биде воспоставена преку јавен повик за изразување на интерес.

Советниците (генералисти и специјалисти) ќе бидат избрани преку јавен повик за изразување на интерес, во согласност со однапред дефинирани услови и критериуми.

Финансиските средства за субвенционирање на трошоците за ваучерско советување на различни целни групи се обезбедуваат од:

- буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на министерствата,
- 0р4с7о5а/03j0р4њ3219 581.412 6ауто пр43т на Република Мје19 363.98157 Тм(ѓе Т

Во рамки на консултантското интервју, претприемачот ги изнесува погледите за неговата бизнис идеја. Врз основа на тоа, советникот-организатор во центарот за бизнис поддршка ја оценува издржаноста на бизнис идејата и се произнесува за неговата способност да учествува во системот на советодавна подршка. Постапката продолжува со индивидуално и/или групно советување за: анализа на пазарот; изработка на бизнис план; регистрација на претпријатие. Претприемачот со прифатлива бизнис идеја регистрира фирма со помош на консултантнот. Консултантот ги идентификува сите можни проблеми и го насочува претприемачот кон потребните обуки, како и во другите форми на подршка. Во периодот на реализацијата на овие чекори, претприемачот може да се вклучи во соодветни програми на поддршка и на министерството за труд и социјална политика (Агенција за вработување). Последново е можно во случај ако Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ и Агенцијата за вработување тоа заеднички го регулирале со соодветен договор.

Во случаи претприемачот на време да не го изготви производот од советувањето, не ќе му биде дозволено да учествува во натамошните чекори на советодавната поддршка.

5. Процес на советувањето

Имплементацијата на Програмата за ваучерското советување е организиран преку организации за деловна поддршка (ОДП). Корисникот на советувањето ја посетува ОДП (по сопствена иницијатива или насочуван од страна на Мрежата за деловна поддршка на малите бизниси) каде што се сретнува со советник - организатор кој го проверува неговиот идентитет и го насочува кон соодветната целна група, со што го одобрува неговото учество во системот.

Вклучувањето на корисникот на советување во Програмата за ваучерско советување се реализира со склучување на соодветен договор меѓу него и ОДП, кој е составен дел на *"**Упатство за спроведување на Програмата за ваучерско советување во малото стопанство".***

Од листата на советници генералисти и специјалисти, корисникот на советувањето избира советник. Советниците кои се дел од мрежата на квалификувани консултанти во субвенционираниот ваучерски систем, треба да ја докажат нивната компетентност со соодветно овластување за советување издадено од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, односно од програмско развојниот совет.

Претприемачот има право да го замени советникот во случај неговата работа да се покаже како незадоволителна.

Предуслов за тоа, секако, претставува *стабилното функционирање на системот во тек на еден подолг временски период,* што ќе овозможи подобра промоција на истиот. Овој предуслов треба, пред се, да биде сфатен од институциите кои финансираат вакви програми, со оглед дека без постоење на еден непрекинат процес на долгорочно финансирање ефектите ќе бидат полоши и потенцијалните корисници ќе бидат незадоволни. Секакви прекини на функционирањето на Програмата како последица на непостоење на финансиски средства, а потоа нејзино "отворање", ќе предизвика поголеми трошоци и значителни штети за реномето на програмата.

Програмата за ваучерско советување е презентирана на следната шема:



5.1. Времетраење на советувањето

Секој ваучер одговара на еден советодавен проект. Ваучерите се издаваат за три месечен период, со можност рокот да се продолжи максимално за уште три месеци ако советникот поднесе валидно објаснување за продолжувањето на рокот.

Продолжувањето на контактот помеѓу претпријатието и советникот не претпоставува пораст на трошоците за советување и нивно покривање од страна на програмата.

5.2. Дозволен износ за покривање на трошоците од страна на советниците кои се наоѓаат на регистрираната листа

Генералисти: максимално 900,00 денари за еден час советување без ДДВ, и

Специјалисти: максимално 1.200,00 денари за еден час советување, без ДДВ.

5.3. Стапки за субвенционирање

Активни претпријатија: 50% од трошоците на советувањето со горен лимит од 90.000,00 денари. Максималниот износ на субвенцијата е 45.000,00 денари.

Невработени лица: 100% од трошоците на советувањето со горен лимит од 37.000,00 денари.

5.4. Постапка на плаќања

Постапката на плаќањата шематски е прикажана подолу:



6. Учесници во Програмата

Главните задачи на учесниците во Програмата се дадени во следната шема:



6.1. Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ во Програмата се јавува во својство на ***организација - програм менаџер***.

Одговорни лица (се предлага тоа да бидат повеќе лица - во зависност од динамиката на спроведување на програмата) треба да бидат задолжени за програмата во Агенцијата - Програм менаџери, кои:

- ќе управуваат со проектот и ќе подготвуваат анализи, и
- ќе прибираат забелешки и ќе формулираат предлози за менеџментот како и за битни подобрувања (во пилот фазата).

Во процесот на развивање на Програмата, проверката на изборот на Изведувачи на програмата - Организации за деловна поддршка (ОДП), и на советниците, дополнувањата и подобрувањата на програмата, едукацијата на персоналот, контролата на перформансите итн., улогата на програм менаџерите е исклучително комплексна и налага целосен работен ангажман, а со оглед на потребата од фокусирана работа врз квалитетот на извршувањето на Програмата.

Програмата ќе ангажира значителни јавни средства, така што одлучувањето и финансиските операции треба да битат целосно прецизни и во согласност со позитивната законска регулатива.

Иако Програмата за ваучерско советување на локално ниво ќе биде администрирана од страна на ОДП, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ на национално ниво ќе дејствува како "старател" на системот и обезбедувач на стратешка подршка и има за цел:

- да го набљудува и оценува функционирањето на ваучерското советување со цел да се откриваат слабите точки, како и потребите за подобрување и истите да ги разрешува;
- да организира тренинзи за сертифицирање на локалните даватели на услуги (советниците);
- да организира тренинзи за целокупниот помошен персонал на центрите за бизнис поддршка и на другите партнери во мрежата;
- да го промовира системот помеѓу потенцијалните претприемачи (невработените лица) и микро и мали претпријатија;
- да го промовира системот кај потенцијалните меѓународни донатори и да наоѓа средства за долгорочна примена на ВСС со цел да се обезбеди трајно влијние врз развојот на микро и малите претпријатија.

6.2. Изведувачи на програмата - Организации за деловна поддршка (ОДП)

ОДП во Програмата се јавуваат во својство на извршители на Програмата.

ОДП ќе бидат избрани преку *Јавен повик* со цел да се покрие територијата на Република Македонија. Изборот ќе се изврши со оценка, покрај другото, на нивните бизнис перформанси, расположивиот кадровски потенцијал, техничката инфраструктура и квалитетот на дадените услуги.

За таа цел се предвидува користење на услугите на околу 12 ОДП. Сите права и обврски ќе бидат регулирани со посебен договор помеѓу Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ и ОДП.

Сите други ОДП ќе ја подржуваат програмата преку обезбедување на информации и со наведување на микро и малите претпријатија на релевантно акредитираната ОДП на нивната територија. За своето ангажирање во Програмата, ОДП добива надоместок од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, и тоа за:

- воспоставување на прв контакт со потенцијалниот корисник на советувањето; спроведување на прво воведно советодавно интервју; внесување на податоци за корисникот на советување; склучување на договор со корисникот на советувањето; .....2,5 часа/корисник,
- Издавање на ваучер за поедина советодавна услуга или оспособување.....0,5 часа/ваучер,
- Следење и надзор на советодавниот процес; информирање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ; извршување задачи и водење на документација во врска со ваучерот во согласност со упатството.....10% од бројот на часови на издадениот ваучер.

Вредноста на еден час изнесува нето 650,00 денари.

6.3. Советници

Советниците се рангирани во следните групи:

- советници генералисти, и
- советници специјалисти.

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ ќе подготви *Јавен повик* и постапка за добивање на статус на советник и за вклучување на советниците во Програмата. Процесот на вклучување ќе биде отворен и на секој 3 месеци ќе се дава авторизација со што нови советници ќе бидат вклучувани во листата на советници.

Ќе постојат само два национални регистри: еден за генералисти е еден за специјалисти. Пополнувањето на регистрите ќе се врши од стана на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ.

Советничките тарифи за овие групи се утврдени и истите ги регулира упатството за спроведување на Програмата. Советниците специјалисти главно ќе бидат вклучени во активни претпријатија, во нивната развојна фаза или во разрешувањето на тешкотии во работењето. Логично е системот да функционира рационално, така што советниците специјалисти не треба да бидат платени за рутински и едноставни работи.

На специјалистите им се овозможува да се регистрираат и како генералисти, се разбира, доколку тоа тие го посакуваат (за таа цел, во нивниот апликационен формулар треба да се внесе соодветна графа). Меѓутоа, треба да биде јасно дека, ако се најмени како генералисти, за извршената работа, ќе се употребуваат стапките кои се применуваат за генералистите.

7. Министерство за економија

Министерството за Економија ќе дејствува како организација супервизор на Програмата. Министерството ќе биде директно информирано од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ за процесот на имплементација на Програмата.

Министерството за Економија треба:

- да учествува на редовните состаноци со Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ и Програмско развојниот совет,
- да одлучува за продолжување на имплементацијата во редовни временски периоди (еднаш на 6 месеци) по извршената евалуација на системот извршена од страна на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ,
- да одлучува за годишниот буџет на Програмата,
- да обезбеди финансирање на развојот на интегриран информационен систем, што претставува битен елемент на доброто функционирање на Програмата, и

во соработка со Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ:

- да го промовира системот кај потенцијалните претприемачи и микро и мали претппријатија;
- да го промовира системот кај потенцијалните меѓународни донатори и да наоѓа средства за долгорочна имплементација на Програмата со цел да се обезбеди трајно влијание врз развојот на микро и малите претпријатија.

8. Програмско развоен совет

Програмско развојниот совет (ПРС) се предвидува да биде формиран по завршување на пилот фазата на програмата. Програмско развојниот совет ќе се состои од претставници на: Министерството за економија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, Министерството за образование и наука, Сектор за Евроинтеграции при Владата на РМ и претставници на деловни задруженија и комори.

Министерството за земјоделие, водостопанство и шумарство исто така, ќе биде вклучено во имплементацијата на Програмата, но во следната фаза кога ќе се создадат услови за вклучување на нова целна група - земјоделци правни лица.

Улогата на Програмско развојниот совет е:

- верификација на имплементацијата на програмата на ваучерското советување во Република Македонија,
- да врши мониторинг на активностите и проектите во врска со развојот на претприемаштвото и избегнувањето на преклопување,

- Одобрување на упатството за имплементација на програмата,
- Редизајнирање на програмот доколку се покаже потреба (одлучува за потребата од редизајнирање и предлага промени; одобрува ново дизајнирање),
- Врши мониторинг на целокупната имплементација и успешноста на програмата на годишно ниво (Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ е одговорна за изработка на извештаите за мониторинг).

9. Временската рамка за целосниот развој на Програмата

Временската рамка за целосниот развој на Програмата е приложена на следната страница.

Година	2005												2006												2007												2008											
Активност	Ј	Ф	М	А	М	Ј	Ј	А	С	О	Н	Д	Ј	Ф	М	А	М	Ј	Ј	А	С	О	Н	Д	Ј	Ф	М	А	М	Ј	Ј	А	С	О	Н	Д	Ј	Ф	М	А	М	Ј	Ј	А	С	О	Н	Д
А) ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТОТ																																															
Водич за имплементација								X																																								
Програмски информационен систем									X	X	X	X																																				
Тренинг									X	X	X	X																																				
Б) ПИЛОТ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА																																															
Повик за пријавување (регист. на сов.)									X																																						
Имплементација на регистерот на советување										X																																					
Објавување на програмот (ваучерски систем)										X																																					
Имплементација на ваучерскиот систем											X	X																																			
Завршување на проектот													X																																			
В) ЦЕЛОСНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА																																															
Повик за пријавување (ОДП)													X																																		
Избор на ОДП														X																																		
Повик за пријавување (регист. на сов.)															X					X							X					X							X					X				
Имплементација на регистерот на советување																X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X
Објавување на програмот (ваучерски систем)																		X					X					X					X					X					X				
Имплементација на ваучерскиот систем																			X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X

10. Промоција на Програмата

Целните гупи - корисници на советувањето имаат различно ниво на информираност за можни облици на поддршка и постапката за насочување на претприемачите. Затоа треба да се развие соодветна промоција на програмата преку:

- јавни гласила,
- медиуми,
- работилници за промоција и за подигање на свеста кај целните групи.

За успешно реализирање на потребната промоција ќе се подготви соодветна програма за промоција.

11. Упатство за спроведување на Програмата за ваучерско советување во малото стопанство

За непосредна примена на Програмата за ваучерското советување од страна на учесниците во истата:

- Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ,
- Изведувачите на програмата (Организации за деловна подршка - ОДП)
- Корисници на советување (постојни претпријатија, невработени лица), и
- Советници,

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ подготви документ *„Упатство за спроведување на Програмата за ваучерско советување во малото стопанство”* во кое детаљно, на оперативно ниво, се претставени сите активности, обврски на инволвираните страни, плаќање на услугите за советување, процедури, обрасци и документи (договори) кои се користат во практичната реализација на Програмата. Ова упатство, како и сите негови измени во иднина, го усвојува Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, односно Програмско развоен совет кој треба да биде формиран за потребите на реализацијата на Програмата.

12. Пилот програма - имплементација во два региони

Пилот програмата ќе се реализира во два региона - Скопје и Струмица во период ноември 2005 - јануари 2006 година.

Цел на пилот програмата е проверка на концептот на Програмата и утврдување одредени недостатоци на концептот на Програмата за ваучерско советување, односно негово заокружување.

За таа цел Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ во текот на септември 2005 година ќе организира обука за советниците-организатори од наведените региони во Рогашка Слатина, Република Словенија. После ова ќе се продолжи со обуки на потенцијалните советници-организатори за реализација на Програмата во останатите подрачја.

За успешен почеток на реализацијата на пилот програмата потребно е да се реализираат следните приоритетни активности:

- обезбедување на буџет за реализација на пилот програмата во висина од 3.000.000,00 денари (2.000.000,00 денари од страна на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ);

- објавување јавни повици за советници - генералисти и специјалисти;
- евалуација и избор на советници кои ќе бидат вклучени во Програмата;
- подготовка на соодветни каталози - листи на советници кои ќе бидат достапни на web страницата на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ;
- организирање на насочена промоција во регионите: Скопје и Струмица;
- подготовка на минимално потребно софтверско покривање на работењето во регионите од пилот програмата;
- организирање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ во делот на:

    - менаџирање на Програмата;
    - покривање на финансикото работење во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ за потребите на Програмата и тоа уште во фазата на пилот програмата;
    - мониторинг на реализацијата на Програмата во фазата на пилот програмата;
    - евалуација и известување; и
    - корекција на програмата со соодветни решенија кој ќе бидат предмет на разгледување и усвојување од ПРС, односно Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ.

13. Индикатори на успех

1. Успешно имплементирана програма;
2. Успех во прибирање/обезбедување на финансиски средства од меѓународни донаторски организации и/или Владата за поддршка на програми за малото стопанство;
3. Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ да е комплетно оперативна до крајот на 2005 година;
4. Мрежата на ОДП да е комплетно оперативна до средината на 2006 година;
5. Пилот програмата да е имплементирана во 2 региона до крајот на 2005 година.

13.1. Излазни индикатори

1. Број на претпријатија кои се вклучиле во подобрување на своите бизнис активности преку Програмата;
2. Број на невработени лица кои добиле услуги од советниците;
3. Креиран регистар на советници (генералисти и специјалисти);

13.2. Резултати-индикатори

1. Директни приватни инвестиции како резултат на советување во поддржаните корисници на советување;
2. Број на воведени нови производи/процеси;
3. Степен на задоволство со обезбедените услуги;
4. Број на претпријатија кои станале нови извозници;
5. Број на советници во регистарот;
6. Број на исполнети советувања до крајот на 2005 година;
7. Број на новокреирани работни места во постојните претпријатија;

8. Број на нови самовработувања (за невработени лица).

13.3. Индикатори на влијание

1. Зголемување на севкупната продуктивност во поддржаните претпријатија после 2 години;
2. Стапка на преживување на претпријатијата кои примиле поддршка после 2 години од завршување на советувањето;
3. Зголемување на вкупниот приход кај поддржаните претпријатија после две години од завршување на советувањето;
4. Број на нови работни места креирани (или задржани) во поддржаните претпријатија после 2 години од завршување на советувањето.

14. Претпоставки и ризици

1. Континуирана поддршка на малото стопанство;
2. Институционална стабилност во подрачјето на развојот на малото стопанство;
3. Можно мешање на политички, личнии други интереси во подрачјето на развојот на малото стопанство;
4. Доволен број на ОДП со доволен капацитет за имплементација на Програмата и добра географска покриеност;
5. Доволен број на квалификувани апликации за регистерот на советници и добра географска покриеност;
6. Доволен број на квалификувани апликации за вклучување во Програмата за ваучерско советување;
7. Добро имплементиран бизнис план и/или друго подобрување од страна на корисникот;
8. Дополнителни механизми на поддршка за невработените лица;
9. Адекватни извори на финансиски средства за годишно имплементирање на Програмата, особено на почетокот на секоја година;
10. Доделување на адекватен буџет на Владата на Република Македонија за реализација на фазата на пилот програмата.

Работен тим

Љубиша Николовски
Маријан Стојчев
Владимир Сарач